# СООПШТЕНИЕ ОД УПРАВАТА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ




Управата за хидрометеоролошки работи ги известува граѓаните на Република Македонија дека во периодот од 15.04. до 15.10.2011 година ќе ги спроведува активностите за заштита од град на обработливите земјоделски површини со противградобијни ракети.

Противградобијната ракета спаѓа во групата на експлозивни материјали кои после дејствување на градоносните облаци имаат систем за самоуништување при што се распаѓаат на повеќе делови со помали димензии. Заради опасноста во некои ракети да изостане или да не биде целосен процесот на самоуништување, можно е во текот на целата година цели ракети или поголеми парчиња да се најдат на земјата. Исклучиво напоменуваме дека истите преставуваат потенцијална опасност доколку со нив ракуваат нестручни лица кои би дошле во контакт со нив.

Од тие причини, Управата за хидрометеоролошки работи ги предупредува сите граѓани на Република Македонија кои ќе дојдат во контакт, пронајдат или забележат такви средства и предмети, да не ги допираат и веднаш да ја известат најблиската станица на МВР, Регионалниот центар за управување со кризи или Радарскиот центар најблиску до нив.